| Градинка „Пролет“ (Управа) Козле | |
|---|---|
| Инсталирана моќност:314,01 kW | |
| Ангажирана моќност: 142,87kW | |
| Вкупна површина: 1.774m$^2$ | |
| Грејна површина: 1.774m$^2$ | |
| Јануари | 37.280 kWh |
| Февруари | 28.342 kWh |
| Март | 24.649 kWh |
| Април | 0 kWh |
| Октомври | 8.047 kWh |
| Ноември | 27.796 kWh |
| Декември | 25.340 kWh |
| **Вкупно** | **151.454 kWh151,5 MWh** |

*Табела 36. Годишна потрошувачка на топлинска енергија во детска градинка „Пролет“ клон Пролет 2 Козле*

| Градинка „Пролет“ (клон Пролет 2)Козле | |
|---|---|
| Инсталирана моќност:76,7 kW | |
| Ангажирана моќност: 87,88kW | |
| Вкупна површина:594 m$^2$ | |
| Грејна површина:594 m$^2$ | |
| Јануари | 16.726 kWh |
| Февруари | 11.806 kWh |
| Март | 6.188 kWh |
| Април | 0 kWh |
| Октомври | 3.605 kWh |
| Ноември | 11.332 kWh |
| Декември | 12.440 kWh |
| **Вкупно** | **62.097 kWh62,1 MWh** |

*Табела 37. Вкупна потрошувачка на топлинска енергија по детски градинки (MWh)*

| НАЗИВ НА ГРАДИНКИ | Годишна потрошувачка [MWh] |
|---|---|
| „Распеана младост“ (клон Карпош 1) | 133,5 |
| „Распеана младост“ (клон Бардовци) | 13,0 |
| „Орце Николов“ (клон Карпош 2) | 37,9 |
| „Орце Николов“ (клон Карпош 3) | 130,2 |
| „Орце Николов“ (клон Карпош 4) | 97,5 |
| „Пролет“ (клон 2 Козле) | 62,1 |
| „Пролет“ (клон 1 Управа) | 151,5 |
| „Пролет“ (клон 3 Влае) | 21,0 |
| „Пролет“ (клон 4 КЈП) | 9,2 |
| „Мајски цвет“ (клон 2 Тафталице1) | 116,2 |
| „Мајски цвет“ (клон 1 Тафталице 2) | 126,1 |
| „Мајски цвет“ (клон 3 Педагошка) | 86,6 |
| **ВКУПНО** | **984,8** |

*Табела 38. Годишна потрошувачка на топлинска енергија во ООУ „Братство“*

| ООУ „Братство“ | |
|---|---|
| Инсталирана моќност: 421 kW | |
| Ангажирана моќност:215,5 kW | |
| Вкупна површина:3.426 $m^2$ | |
| Грејна површина: 3.426$m^2$ | |
| Јануари | 35.817 kWh |
| Февруари | 36.270 kWh |
| Март | 33.297 kWh |
| Април | 17.480 kWh |
| Октомври | 19.378 kWh |
| Ноември | 29.260 kWh |
| Декември | 31.958 kWh |
| **Вкупно** | 203.460 kWh203,5 MWh |

*Табела 39. Годишна потрошувачка на топлинска енергија во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“*

| ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ | |
|---|---|
| Инсталирана моќност: 506 kW | |
| Ангажирана моќност: 212,44 kW | |
| Вкупна површина: 5.230m$^2$ | |
| Грејна површина: 5.230m$^2$ | |
| Јануари | 39.235 kWh |
| Февруари | 28.910 kWh |
| Март | 13.573 kWh |
| Април | 1.777 kWh |
| Октомври | 8.835 kWh |
| Ноември | 23.813 kWh |
| Декември | 49.777 kWh |
| **Вкупно** | **165.920 kW165,9 MW** |

*Табела 40. Годишна потрошувачка на топлинска енергија во ООУ „Лазо Трпповски“*

| ООУ „Лазо Трповски“ | |
|---|---|
| Инсталирана моќност: 809 kW | |
| Ангажирана моќност: 465,98 kW | |
| Вкупна површина: 6.492m$^2$ | |
| Грејна површина: 6.492m$^2$ | |
| Јануари | 26.234 kWh |
| Февруари | 27.307 kWh |
| Март | 23.367 kWh |
| Април | 13.172 kWh |
| Октомври | 15.686 kWh |
| Ноември | 25.444 kWh |
| Декември | 22.051 kWh |
| **Вкупно** | **153.261 kWh153,3 MWh** |

*Табела 41. Годишна потрошувачка на топлинска енергија во ООУ „Јан Амос Коменски“*

| ООУ „Јан Амос Коменски“ | |
|---|---|
| Инсталирана моќност: 536,77kW | |
| Ангажирана моќност:303,29 kW | |
| Вкупна површина: 3.007m$^2$ | |
| Грејна површина: 3.007m$^2$ | |
| Јануари | 46.776 kWh |
| Февруари | 47.056 kWh |
| Март | 33.420 kWh |
| Април | 34.020 kWh |
| Октомври | 16.316 kWh |
| Ноември | 46.326 kWh |
| Декември | 55.256 kWh |
| **Вкупно** | **279.170 kWh279,2 MWh** |

*Табела 42. Годишна потрошувачка на топлинска енергија во ООУ „Војдан Чернодрински“*

| ООУ „Војдан Чернодрински“ | |
|---|---|
| Инсталирана моќност: 419kW | |
| Ангажирана моќност: 305,87 kW | |
| Вкупна површина: 3.500m$^2$ | |
| Грејна површина: 3.500m$^2$ | |
| Јануари | 77.933 kWh |
| Февруари | 76.529 kWh |
| Март | 44.660 kWh |
| Април | 0 kWh |
| Октомври | 12.790 kWh |
| Ноември | 74.641 kWh |
| Декември | 124.080 kWh |
| **Вкупно** | **410.663 kWh410,7 MWh** |

*Табела 43. Годишна потрошувачка на топлинска енергија во ООУ „Петар Поп Арсов“*

| ООУ „Петар Поп Арсов“ | |
|---|---|
| Инсталирана моќност: 522 kW | |
| Ангажирана моќност: 417,60 kW | |
| Вкупна површина: 5.230$m^2$ | |
| Грејна површина:5.230 $m^2$ | |
| Јануари | 68.504 kWh |
| Февруари | 59.718 kWh |
| Март | 25.177 kWh |
| Април | 0kWh |
| Октомври | 14.792 kWh |
| Ноември | 49.569 kWh |
| Декември | 48.196 kWh |
| **Вкупно** | **265.956 kWh266,0 MWh** |

*Табела 44. Годишна потрошувачка на топлинска енергија во ООУ „Димо Хаџи Димов“*

| ООУ „Димо Хаџи Димов“ | |
|---|---|
| Инсталирана моќност: 660,08 kW | |
| Ангажирана моќност: 211,22 kW | |
| Вкупна површина:4.000 $m^2$ | |
| Грејна површина: 4.000$m^2$ | |
| Јануари | 39.891 kWh |
| Февруари | 38.158 kWh |
| Март | 23.146 kWh |
| Април | 0 kWh |
| Октомври | 9.674 kWh |
| Ноември | 28.855 kWh |
| Декември | 38.496 kWh |
| **Вкупно** | 178.220 kWh178,2 MWh |

*Табела 45. Годишна потрошувачка на топлинска енергија во ООУ „Владо Тасевски“*

| ООУ „Владо Тасевски“ | |
|---|---|
| Инсталирана моќност: 605 kW | |
| Ангажирана моќност: 240,06 kW | |
| Вкупна површина: 3.361 $m^2$ | |
| Грејна површина: 3.361$m^2$ | |
| Јануари | 58.505 kWh |
| Февруари | 65.751 kWh |
| Март | 23.015 kWh |
| Април | 0 kWh |
| Октомври | 14.958 kWh |
| Ноември | 37.336 kWh |
| Декември | 35.857 kWh |
| **Вкупно** | **235.422 kWh235,4 MWh** |

*Табела 46. Вкупна потрошувачка на топлинска енергија по основни училишта*

| Назив на основни општински училишта | Годишна потрошувачка [MWh] |
|---|---|
| ООУ „Аврам Писевски“ | 270,25 |
| ООУ „Братство“ | 203,50 |
| ООУ „Вера Циривири Трена“ | 102,00 |
| ООУ „Владо Тасевски“ | 235,40 |
| ООУ „Војдан Чернодрински“ | 410,70 |
| ООУ „Димо Хаџи Димов“ | 178,20 |
| ООУ „Јан Амос Коменски“ | 279,20 |
| ООУ „Лазо Трповски“ | 153,30 |
| ООУ „Петар Поп Арсов“ | 266,00 |
| ООУ „Христијан Тодоровски –Карпош“ | 165,90 |
| ВКУПНО | **2.264,45** |

Вкупната потрошена енергија на годишно ниво во јавните објекти во Општина Карпош за референтната 2019 година, споредено со потрошената енергија пред почетокот на реализација на програмите во 2007 година,како и вкупната потрошена енергија во основните училишта и детски градинки, е дадена на следните графикони:




*Графикон 2. Споредба на вкупна потрошена енергија (MWh)*




*Графикон 3. Споредба на вкупна потрошена енергија во основните училишта (MWh)*




*Графикон 4. Споредба на вкупна потрошена енергија во детските градинки (MWh)*

Со реализираните досега две програми за енергетска ефикасност од 2008 година наваму вкупната потрошена енергија (топлинска и електрична) е намалена за:

- Детски градинки -423,04 MWhили 22,36%;
- Основни училишта – 2.052,86 MWhили 39,49%;

Односно заедно јавните објекти имаат намалена потрошувачка од 1.565,76 MWh или 15,95%.

Ова е во услови кога бројот на јавни објекти се зголемил за 3 нови објекти во однос на бројот на јавни објекти во 2007 година.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Улично осветлување кое е предмет на анализа се состои од вкупно 5.312 столбови за улично осветлување, односно:

- 4960 столбови за улично осветлување
- 100 столбови со 244 рефлектори за детски и спортски игралишта
- 108 столбови во дворните места на училишта.




*Графикон 5. Број на столбови за улично осветлување*

Со реализираните мерки од првата програма за енергетска ефикасност се заменети сите живини светилки на столбовите со натриумски од 70W и 150W и направени се 153 командни ормани со астрономски уклопни часовници за секојдневна промена на режимот на палење и гасење на уличното светло.

Така покрај зголемениот број на светилки од 2007 година до 2019 година намалена е потрошувачката на енергија за 174 MWhна годишно ниво.




*Графикон 6. Годишна потрошувачка на енергија за улично осветлување (MWh)*

Состојбата во 2020 години по урбани и месни заедници по број и тип на светилки е следната:

*Табела 47. Број на светилки по урбани и месни заедници и по моќност*

| Урбана/месна заедница | Автономни и соларни светилки | LED светилки 30W | Натриумови светилки 70W | Светилки 150W | Вкупно светилки |
|---|---|---|---|---|---|
| Влае 1 | 2 | 0 | 329 | 10 | 341 |
| Влае 2 | 0 | 112 | 149 | 79 | 340 |
| Тафталице 1 | 0 | 7 | 341 | 31 | 379 |
| Тафталице 2 | 19 | 21 | 233 | 32 | 305 |
| Карпош 1 | 0 | 0 | 194 | 130 | 324 |
| Карпош 2 | 0 | 8 | 146 | 46 | 200 |
| Карпош 3 | 6 | 15 | 88 | 160 | 269 |
| Карпош 4 | 0 | 0 | 577 | 71 | 648 |
| Владо Тасевски | 0 | 10 | 306 | 28 | 344 |
| Пецо Божиновски Кочо | 2 | 60 | 321 | 0 | 382 |
| Кузман Јосифовски Питу | 0 | 0 | 449 | 0 | 449 |
| Нерези | 7 | 0 | 426 | 0 | 433 |
| Бардовци | 0 | 10 | 263 | 0 | 273 |
| Злокуќани | 0 | 0 | 278 | 0 | 278 |
| **Вкупно** | 36 | 236 | 4.101 | 587 | 4.960 |

*Табела 48. Рефлекторски системи по детските и спортските игралишта*

| Основно училиште | Број на столбови | Број на рефлектори | Моќност на рефлектор (W) |
|---|---|---|---|
| **Игралишта во основни училишта** | | | |
| Христијан Тодоровски Карпош | 5 | 18 | 400 |
| Вера Циривири Трена | 8 | 16 | 400 |
| Лазо Трповски | 8 | 24 | 400 |
| Петар Поп Арсов | 4 | 8 | 400 |
| Димо Хаџи Димов | 10 | 20 | 400 |
| Братство | 8 | 16 | 400 |
| Лазар Танев | 4 | 12 | 400 |
| Владо Тасевски | 4 | 12 | 400 |
| Јан Амос Коменски | 3 | 10 | 400 |
| Братство | 6 | 12 | 400 |
| Аврам Писевски | 2 | 6 | 400 |
| Војдан Чернодрински | 2 | 6 | 400 |
| **Игралишта во урбани и месни заедници** | | | |
| ул.Бранислав Нушиќ | 2 | 4 | 400 |
| ул.Франц Прешерн | 5 | 14 | 400 |
| бул.Партизански одреди | 8 | 16 | 400 |
| Козле 2 | 2 | 6 | 400 |
| Трнодол | 2 | 4 | 400 |
| Жданец | 6 | 18 | 400 |
| Куршумица | 5 | 10 | 400 |
| Бардовци | 6 | 12 | 400 |
| **Вкупно** | 100 | 244 | |

*Табела 49. Светилките во дворните места на училиштата*

| Основно училиште | | 70W столбови | 150W столбови | Вкупно број на столбови |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Христијан Тодоровски Карпош | 5 | 0 | 5 |
| 2 | Вера Циривири Трена | 5 | 0 | 5 |
| 3 | Лазо Трповски | 18 | 0 | 18 |
| 4 | Петар Поп Арсов | 27 | 0 | 27 |
| 5 | Димо Хаџи Димов | 0 | 14 | 14 |
| 6 | Братство | 11 | 0 | 11 |
| 7 | Владо Тасевски | 7 | 0 | 7 |
| 8 | Јан Амос Коменски | 15 | 0 | 15 |
| 9 | Аврам Писевски | 0 | 0 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10 | Војдан Чернодрински | 0 | 6 | 6 |
| **Вкупно** | | **88** | **20** | **108** |

*Табела 50. Трошоци за одржување на системот за осветлување*

| Годишна потрошувачка (kWh/годишно) | Годишна потрошувачка (МКД) | Трошоци за одржување (МКД) | Вкупно трошоци (МКД) |
|---|---|---|---|
| 2.140.000,00 | 17.200.000,00 | 12.000.000,00 | 29.200.000,00 |

Овие потрошувачки на енергија и посебно трошоците за одржување се причина за спроведената постапка и донесените одлуки на Советот на општината за распишување на повикот за ЕСКО вложување во реконструкцијата на системот за јавно осветлување.

ТРАНСПОРТ

Во делот на транспортот каде Општина Карпош како дел од општините на градот Скопје нема ингеренции на јавниот транспорт, во програмата останува само делот на сопствените категории возила и возилата на јавните институции – детски градинки.

Состојбата на возниот парк е дадена во следните табели:

*Табела 51. Возила во сопственост на Општина Карпош*

| Тип на возило | Година на производство | Тип на гориво |
|---|---|---|
| ПЕЖО 307 SK-091-MI | 2000 | Дизел |
| ЦИТРОЕН Ц-3 SK-3633-AC | 2008 | Супер 95 |
| ФИЈАТ ГРАНДЕ ПУНТО SK-612-KL | 2008 | Супер 95 |
| ФИЈАТ ДУБЛО КОМБИ SK-3446-AC | 2012 | Дизел |
| ОПЕЛ АСТРА 1.4 ТВИН ПОРТ SK-073-UP | 2010 | Супер 95 |
| ШЕВРОЛЕТ КРУЗЕ СТАНДАРД 2,0 Д SK-3594-AP | 2011 | Дизел |
| ШЕВРОЛЕТ СПАРК SK-253-TK | 2009 | Супер 95 |
| ШЕВРОЛЕТ СПАРК SK-254-TK | 2009 | Супер 95 |
| ШЕВРОЛЕТ СПАРК SK-255-TK | 2009 | Супер 95 |
| АУДИ А4 ТДИ SK-2545-AP | 2009 | Дизел |
| КОМБЕ М1, СЦ-МЕРЦЕДЕС-ВИТО SK-701-VR | 2013 | Дизел |
| ЛАДН РОВЕР 2,2ТД ЦИП SK-860-UT | 2011 | Дизел |
| SSANG YONQ RODIUS SK-3099-AD | 2006 | Дизел |
| ОПЕЛ МЕРИВА SK-9931-AP | 2003 | Дизел |
| ПЕЖО 206 SW SK-1553-BB | 2006 | Супер 95 |

*Табела 52. Товарни моторни возила за одржување на јавна хигиена*

| Тип на возило | Датум на производство | Тип на гориво |
|---|---|---|
| ТОВАРНО ВОЗИЛО –ВОЛВО- ТИП ФЛ6Х42Р SK-0569 | 2002 | Дизел |
| ТОВАРНО ВОЗИЛО-ИВЕКО ДЕИЛИ-64 Ц 15Д SK-657-TK | 2010 | Дизел |
| ТОВАРНО ВОЗИЛО – ГАЗ – А А22 SK-657-TK | 2018 | Дизел |
| ТОВАРНО ВОЗИЛО – DFSK C31 singlecab SK-9704-AZ | 2019 | Супер 95 |
| ТОВАРНО ВОЗИЛО – DFSK C31 singlecab SK-9705-AZ | 2019 | Супер 95 |
| ТОВАРНО ВОЗИЛО – MINI TRUCK DFSK C31 SK-9691-AZ | 2019 | Супер 95 |

*Табела 53. Мотори и мопеди за комуналните инспектори*

| Тип на возило | Датум на производство | Тип на гориво |
|---|---|---|
| ТРИКОЛКА 250 ЦЦМ (со покрив) SK-896-UA | 2009 | Супер 95 |
| СКУТЕР ОТ- 150 ЦЦМ- ГЛАНЗ SK-930-SK | 2009 | Супер 95 |
| СКУТЕР ОТ- 26А/150 ЦЦМ- ГЛАНЗ SK-140-TI | 2009 | Супер 95 |
| СКУТЕР ОТ- 26А/150 ЦЦМ- ГЛАНЗ SK-145-TI | 2011 | Супер 95 |
| СКУТЕР JJ 50 ОТ-26/ 150 ЦЦМ- ГЛАНЗ SK-471-SG | 2011 | Супер 95 |

*Табела 54. Возила во сопственост на детските градинки во Општина Карпош*

| Тип на возило | Датум на производство | Тип на гориво |
|---|---|---|
| ЈУОДГ „ОРЦЕ НИКОЛОВ“ КАРПОШ- СКОПЈЕ | | |
| ЦИТОРЕН БЕРЛИНГО | 2009 | Супер 95 |
| ФИАТ ДОБЛО | 2018 | Дизел |
| ЛАДА КАРАВАН | 1993 | Супер 95 |
| ЈУОДГ „ПРОЛЕТ“ КАРПОШ- СКОПЈЕ | | |
| СУБАРУ ЛИБЕРО КОМБЕ | 1994 | Супер 95 |
| ПЕЖО ПАРТНЕР патничко караван | 2007 | Супер 95 |
| ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“ КАРПОШ | | |
| СУЗУКИ СВИФТ 1,3 | 1995 | Супер 95 |
| ЛАДА КАРАВАН 1,5 | 1992 | Супер 95 |
| СУБАРУ ЛИБЕРО товарно | 1994 | Супер 95 |
| ПЕЖО БИПЕР патничко/товарно | 2011 | Дизел |
| ЈУОДГ „РАСПЕАНА МЛАДОСТ“ КАРПОШ- СКОПЈЕ | | |
| ЦИТРОЕН БЕРЛИНГО | 2011 | Дизел |
| СУБАРУ ЛИБЕРО товарно | 1994 | Супер 95 |

Како што се гледа во табелите голем е бројот на стари возила, како и дизел возила со ниски ЕКО стандарди.

За жал Секторот за екологија и енергетска ефикасност не води поединечна финансиска евиденција на потрошено гориво за секое возило, како и поминати километри на годишно ниво за возилата.

Со оглед на таквата реална ситуација така ќе бидат и предложени мерките за овој сегмент од програмата.

## ПОТЕНЦИЈАЛ НА ЗАШТЕДИ И МЕРКИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Мерка 1:Мониторинг и управување со енергијата во Општина Карпош

Следењето и управувањето на енергиите во општината е обврска која произлегува од Законот за енергетика, новиот Закон за енергетскаефикасност, Стратегијата за енергетика и климатски промени, Стратегијата за енергетска ефикасност и подзаконски акти, обврските кон Европската Енергетска Заедница и обврските од други меѓународни договори и конвенции за намалување на $CO_2$ емисиите и влијанијата на климатските промени.

Проектот „Мониторинг и управување со енергија во Општина Карпош" претставува нов систем на „безжична"достава на податоци од секое мерно место во надлежност на општината, кој ќе може да се следи во секој момент на сервер системот во општината, но и во обратна насока да се делува на заштеда во реално време.

Со овој проект270 броила (во сите јавни објектии улично осветлување) за електрична и топлинска енергија, дата логери и читачи на податоци во временски интервал од 1 минута ќе собираат податоци преку мобилна мрежа во сервер системот во општината и преку „Feedback" команди можат да праќаат за управување на овие системи, така што досегашната месечна енергетска потрошувачка ќе се замени со реална моментална потрошувачка на сите системи.

Очекуваме дека овој систем ќе овозможи на вкупно ниво на сите мерни места**годишно дополнителни 10-20% заштеди на енергија**.

## ЈАВНИ ОБЈЕКТИ ВО НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

Општина Карпош во претходниот период ги имплементираше мерките за градежна санација на сите јавни објекти со мерки за енергетска ефикасност и изгради нови со енергетика „B" и„C" класа. Во следната етапа се заменети системите за греење со фосилни горива со системи од обновливи извори на енергија како термални пумпи вода/вода и воздух/вода и инверторски системи за греење и ладење.

Од Сите 22 јавни објекти останува да се реализира последниот систем за греење со котел на нафта во „ООУ Аврам Писевски" Бардовци со термални пумпи воздух/вода што се дел од грантот добиени од Влада за намалување на аерозагадувањето.

Мерка 2: Замена на котелскиот систем за греење на нафта во „ООУ Аврам Писевски" со систем на ОИЕ-термални пумпи воздух/вода

Ова е последниот систем на фосилно гориво во Општината и со изработениот проект во 2021 година се предвидува негова замена со термални пумпи воздух/вода

во високо температурен режим (55$^0$C) на греење со постојниот радијаторски систем во објектот.

Ваквиот систем ќе овозможи и ладење во летниот период во режим 12-17$^0$C преку радијаторскиот систем во овие простории кои се користат во летниот период.

Спроведувањето на проектот е добиен преку јавниот проект на Владата на Република Северна Македонија за реализација на Програмата за намалување на аерозагадувањето (замена на нееколошки системи).

Најголем дел од објектите се на централниот систем на греење.

Мерка 3:**Систем на регулација по крива на надворешна и внатрешна температура во топлинските подстаници за централно греење по јавните објекти.**

На овој начин ќе се овозможи пред калориметрите со трокрак автоматски вентил да се направи врска помеѓу доводот и повратот на топлината при реални услови на надворешната и топлината во грејниот простор. Така ќе се намали наплатената топлинска енергија регистрирана на калориметарот .

Мерка 4:**Замена на флуо цевките за внатрешно осветлување во објектите со лед светилки.**

Замена на светилки (флуо цевките) во работните простории (училници) кои поради стробоскопскиот ефект не се во употреба според европските директиви.

Оваа мерка влијае на комодитетот на осветлувањето и подобрувањена условите на корисниците на просторот.

Акцентот на применетите мерки во оваа програма ќе биде ставен на енергетска транзиција и користењето на соларниот потенцијал за сопствено производство на електрична и топлинска енергија.



Слика 1. Хибридни колектори



Слика 2. Бојлер



Слика 3. Инвертер мал

Нашите предвидувања во програмата е за три години да се изградат капацитети на јавните објекти во висина од 40% на вкупниот можен потенцијал на искористување и тоа на три начини:

- Преку сопствена инвестиција и инвестиција од грантови и програми за Зелена енергија на ЕУ.
- Преку изнајмување на кровните површини на лиценцирани производители на електрична енергија со посебни договори.
- Промоција на енергетските задруги како Европско искуство може да се примени кај нас.

Соларниот потенцијал на јавните објекти во општината е прикажан на табелите и графиконите:




Слика 4. Приказ на потенцијални објекти за поставување на фотоволтаични електрани

*Табела 55. Поединечен број потрошувачи-производители во јавните објекти во општината по населби*

| Населба | Градинки | Основни училишта | Потенцијални потрошувачипроизводители во јавни објекти |
|---|---|---|---|
| Карпош 1 | „Распеана младост“ | „Христијан Тодоровски Карпош“ | 2 |
| Карпош 2 | „Орце Николов“ | „Вера Циривири Трена“ | 2 |
| Карпош 3 | „Орце Николов“ | „Лазо Трповски“ | 2 |
| Карпош 4 | „Орце Николов“ | „Петар Поп Арсов“ | 2 |
| Тафталиџе 1 | „Мајски цвет“ | „Јан Амос Коменски“ | 2 |
| Тафталиџе 2 | „Мајски цвет“ | „Братство“ | 2 |
| Влае 1 | „Пролет“ клон „Сончогледи“ | / | 1 |
| Влае 2 | / | „Димо Хаџи Димов“ | 1 |
| Владо Тасевски | „Мајски цвет“ | „Војдан Чернодрински“ | 2 |
| Кузман Јосифовски Питу | „Пролет“ – клон „Бумбарче“ КЈП<br>„Пролет“ - Управа<br>„Пролет“ – клон „Пролет 2“ Козле | „Владо Тасевски“ | 4 |
| Пецо Божиновски Кочо | / | / | / |
| Злокуќани | / | / | / |
| Нерези | / | / | / |
| Бардовци | „Распеана младост“ клон „Виножито“ | „Аврам Писевски“ | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 12 | 10 | 22 |

*Табела 56. Потенцијална инсталирана моќност и годишна предвидено произведена електрична енергија произведена по населби за јавни објекти*

| Населба | Потенцијална инсталирана моќност (MW) во јавни објекти | Годишна предвидена електрична енергија (MWh) од јавните објекти |
|---|---|---|
| Карпош 1 | 0,333 | 330,651 |
| Карпош 2 | 0,377 | 449,178 |
| Карпош 3 | 0,418 | 485,107 |
| Карпош 4 | 0,419 | 499,692 |
| Тафталице 1 | 0,645 | 762,422 |
| Тафталице 2 | 0,583 | 688,530 |
| Влае 1 | 0,097 | 112,511 |
| Влае 2 | 0,512 | 603,759 |
| Владо Тасевски | 0,451 | 533,219 |
| Кузман Јосифовски Питу | 0,458 | 552,456 |
| Пецо Божиновски Кочо | / | / |
| Злокуќани | / | / |
| Нерези | / | / |
| Бардовци | 0,260 | 336,960 |
| **Вкупно** | **4,553** | **5.354,485** |




*Графикон 7. Потенцијално инсталирана моќност во јавните објекти*




*Графикон 8. Годишно предвидена електрична енергија од јавните објекти (MWh)*

Мерка 5: Инсталирање на системи за сопствено производство на електрична и топлинска енергија од обновливи извори на енергија на јавните објекти во општината до 40 % од вкупниот потенцијал на инсталирана моќност за три години 1,8 MW што би значело производство од 2.141.790 kWhелектрична енергија за сопствени потреби и размена на системот.

УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Најголем потенцијал на заштедите во уличното осветлување со замената на светилките со ЛЕД светилки од најновата генерација произлегуваат од следните придобивки:

- Намалување на инсталиранаата моќ на светилките до 60%;
- Отстранување на потребата за интервенции и дефекти во напонска состојба на мрежата до 5%;
- Реализацијата на мерката за мониторинг и управување со енергијата од 5-10%.

Вкупните заштеди според референтната состојба во студијата би биле 70-75% што е значајна заштита на буџетот во ситуација на енергетска криза.

Согласно изработената техноекономска анализа и изработената и усвоена од Советот Студија за јавниот повик за реализација по ЕСКО модел во техничките барања се содржи:

Техничките барања на инвестицијата се однесуваат на целосната модернизација на мрежата и подразбираат реконструкција на секое постојно столбно место со следните елементи:

1. Замена на постојните светилки со компактни ЛЕД светилки на 220 V со моќност до 30W (за постојните од 70W) и моќност до 70W (за постојните од 150W);
2. Поради усогласување на постојните висини на канделабрите со оптималните висини на ЛЕД светилките за еден дел (43% од столбовите) ќе биде потребно додавање на вертикална или хоризонтална лира со висина до 1.5m;
3. Измена на внатрешно ожичување во канделабрите со кабел 3x1,5mm$^2$ и должина до 5m (ова е потребно во отприлика 55% од столбовите);
4. Нов приклучок со автоматски осигурувач од 4А во долниот дел на канделабрите (отприлика за 45% од позициите);
5. Фарбање на старите столбови со водоотпорна боја (ова исто така би било за 70% од столбните места);
6. Демонтажа на постојните и монтажа на новите светилки.

Техничките карактеристики за новите ЛЕД светилки се следни:

- Светилки до 30W, минимум 140lm/W, минимум 3800lm, температура на боја 5000 K, работен век на светилката минимум 70000 работни часови, со L80/B10 (светлосниот флукс да не падне под 80% во работниот век и да нема повеќе од 10% прегорени светилки во работниот век)
- Светилки до 70W, минимум 140lm/W, минимум 7600lm, температура на боја 5000 K, работен век на светилката минимум 70000 работни часови, со L80/B10 (светлосниот флукс да не падне под 80% во работниот век и да нема повеќе од 10% прегорени светилки во работниот век)
- Рефлектори до 150W, минимум 140lm/W, минимум 22.000lm, работен век на светилката минимум 70.000 работни часови, со L80/B10 (светлосниот флукс да не падне под 80% во работниот век и да нема повеќе од 10% прегорени светилки во работниот век)

Со светилки кои ги задоволуваат бараните технички карактеристики се обезбедува, покрај договорниот периодот од 8 години, уште најмалку 9 години сигурна и безбедна работа на светилките.

Заклучокот од техничката анализа во Студијата предвидува:

1. Трошоците за одржување на мрежата во наредните осум години би се намалиле целосно од сумите од 10-13.000.000 денари кои се трошеле во изминатиот период на годишно ниво;

2. Инсталираната моќност во однос на сегашната состојба од **489 kW** ќе се намали под **205 kW, што претставува намалување од 58%;**

3. Сразмерно на тоа, годишната потрошена енергија од **2.140 MWh** на годишно ниво, би се намалила на ниво од **897 MWh**/годишно;

4. Сегашните потрошени средства за електрична енергија за 2019година, од **17.200.000,00** денари, според сегашната вредност на цената од 5,66денари+ДДВ/kWh, ќе се намали на 7.300.000 денари.

Мерка 6:**Замена на постојното улично осветлување, осветлувањето на дворните места во училиштата и системите на осветлување во детските и спортски игралишта со ЛЕД светилки реализирани со примена на повикот по ЕСКО модел.**

ТРАНСПОРТ

Мерка 7: **Замена на старите моторни возила со нови економични и еколошки моторни и транспортни возила**

Транспортот како област воопшто не беше третиран со Програмата за енергетска ефикасност 2008-2012 год, со изработката на Стратешкиот акционен план до 2020 год. како обврска на потпишаната Конвенција на Градоначалници и новата Програма 2013-2015 и овој сегмент на заштеда на фосилни горива, бензин и нафта, како и намалени емисии на $CO_2$ во воздухот ќе се следи, контролира и ќе се делува на реализација на заштеди во овој сектор.

Според табеларниот приказ на моменталната состојба на возниот парк во поглавјето 4.3. Транспорт, кои се во надлежност на општинската администрација и детските градинки во општината со овој проект треба сите стари возила, постари од 10 години кои се вкупно 30 на број да се заменат со нови нисколитражни и дизел возила со намалена потрошувачка, но и намалена емисија на $CO_2$ во издувните гасови.

Средствата за оваа намена ќе се обезбедат од продажбата на старите возила и буџетите на Општината и Детските градинки по основ на заштедите од нивно одржување и разликите во потрошувачката на гориво.

Мерка 8: **Изработка на планови за рационално користење на превозните, транспортните и средствата за одржување на зеленилото од одговорните служби во општината и детските градинки**

Ваквите планови на неделно и месечно ниво кои одговорните лица треба да ги подготват, значат евидентирање и планирање на веќе познатите обврски кои треба да се реализираат со возилата, дневно ажурирање на обврските за наредниот ден, споредено со планот и рационално користење на поминатите релации со можност за користење на повеќе лица на истата релација.

На неделно ниво треба да се анализира потрошеното гориво сразмерно на поминатиот и одобрен пат и да се сигнализира до одговорните лица за ненаменско и непродуктивно трошење.

РЕЗИМЕ НА МЕРКИТЕ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

*Табела 57. Табеларен приказ на мерките за енергетска ефикасност*

| Број | Име на мерка |
|---|---|
| МЕРКА 1 | Мониторинг и управување со енергијата во Општина Карпош |
| МЕРКА 2 | Замена на котелскиот систем за греење на нафта во „ООУ Аврам Писевски“ со систем на ОИЕ - термални пумпи воздух/вода |
| МЕРКА 3 | Систем на регулација по крива на надворешна и внатрешна температура во топлинските подстаници за централно греење по јавните објекти |
| МЕРКА 4 | Замена на флуо цевките за внатрешно осветлување во објектите со лед светилки |
| МЕРКА 5 | Инсталирање на системи за сопствено производство на електрична и топлинска енергија од обновливи извори на енергија на јавните објекти во општината до 40 % од вкупниот потенцијал на инсталирана снага за три години 1,8 MW што би значело производство од 2.141.790 kWh електрична енергија за сопствени потреби и размена на системот |
| МЕРКА 6 | Замена на постојното улично осветлување, осветлувањето на дворните места во училиштата и системите на осветлување во детските и спортски игралишта со ЛЕД светилки реализирани со примена на повикот по ЕСКО модел |
| МЕРКА 7 | Замена на старите моторни возила со нови економични и еколошки моторни и транспортни возила |
| МЕРКА 8 | Изработка на планови за рационално користење на превозните, транспортните и средствата за одржување на зеленилото од одговорните служби во општината и детските градинки |

АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ТРИ ГОДИНИ

| ВРЕМЕНСКА РАМКА | | 2022 | | | 2023 | | | | 2024 | | | | 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | ПРОЕКТИ | II<br>Апр<br>Мај<br>Јун | III<br>Јул<br>Авг<br>Сеп | IV<br>Окт<br>Ное<br>Дек | I<br>Јан<br>Фев<br>Март | II<br>Апр<br>Мај<br>Јун | III<br>Јул<br>Авг<br>Сеп | IV<br>Окт<br>Ное<br>Дек | I<br>Јан<br>Фев<br>Март | II<br>Апр<br>Мај<br>Јун | III<br>Јул<br>Авг<br>Сеп | IV<br>Окт<br>Ное<br>Дек | I<br>Јан<br>Фев<br>Март |
| *МЕРКА 1* | *Мониторинг и управување со енергијата во Општина Карпош* | | | | | | | | | | | | |
| *МЕРКА 2* | *Замена на котелскиот систем за греење на нафта во „ООУ Аврам Писевски“ со систем на ОИЕ - термални пумпи воздух/вода* | | | | | | | | | | | | |
| *МЕРКА 3* | *Систем на регулација по крива на надворешн* | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *а и внатрешна температура во топлинските подстаници за централно греење по јавните објекти* | | | | | | | | | | | | |
| *МЕРКА 4* | *Замена на флуо цевките за внатрешно осветлување во објектите со лед светилки* | | | | | | | | | | | | |
| *МЕРКА 5* | *Инсталирање на системи за сопствено производство на електрична и топлинска енергија од обновливи извори на* | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *енергија на јавните објекти во општината до 40 % од вкупниот потенцијал на инсталира на снага за три години 1,8 MW што би значело производство од 214170 kWhелектрична енергија за сопствени потреби и размена на системот* | | | | | | | | | | | | |
| *МЕРКА 6* | *Замена на постојното улично осветлување, осветлувањето на дворните места во училиштата и системите на осветлувањ* | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *е во детските и спортски игралишта со ЛЕД светилки реализиран и со примена на повикот по ЕСКО модел* | | | | | | | | | | | | |
| *МЕРКА 7* | *Замена на старите моторни возила со нови економични и еколошки моторни и транспортни возила* | | | | | | | | | | | | |
| *МЕРКА 8* | *Изработка на планови за рационално користење на превозните, транспортните и средствата* | | | | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *за одржување на зеленилото од одговорните служби во општината и детските градинки* | | | | | | | | | | | | | |

Број: 09-3199/5
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2022 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2022 година, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/4**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 3; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021, Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2022 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021 година), во точка 3. **Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за полагање на возачка дозвола** се врши изменување и дополнување со цел прецизирање на целокупната постапка, како и дефинирање на сите потребни документи во постапката.

Изменување и дополнувањето се врши во насловот на точка 3, така што насловот 3. **Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за полагање на возачка дозвола** се брише и на негово место се запишува нов наслов на точка **3 Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија.**

Дефинираниот (постоечкиот текст) во точка 3 се брише и на негово место се запишува нов текст, со следната содржина:

ТОЧКА 3 КОЈА СЕ БРИШЕ:
3. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за полагање на возачка дозвола

I. Развојни приоритети и цели

За прв пат во 2022 година, Општина Карпош преку Секторот за развој ќе ја спроведе мерката за поттикнување и помош на млади лица кои живеат во Општина Карпош да полагаат возачка

дозвола, при тоа одреден износ од теоретскиот и стручниот дел да им биде субвенциониран односно вратен.

Оваа мерка се планира да се спроведе како резултат на тоа да се поттикнат младите веднаш по завршување на средното образование, да полагаат возачка дозвола се со цел во следниот период да бидат поконкурентни на пазарот на труд и полесно да ги исполнат условите за добивање работа.
За да се спроведе оваа активност, најнапред општината ќе спроведе постапка за избор на автошкола која ќе понуди најповолни услови за полагање на возачка дозвола. По избор на најповолна автошкола и дефинирање на условите со потпишување на договор, општината ќе пристапи кон распишување на Јавен повик за субвенционирање на млади лица кои во 2022 година ќе наполнат 18 години.

## II. Проектни активности

| | |
|---|---|
| Критериуми за субвенционирање : | 1. Секое лице кое ќе поднесе барање за субвенционирање за полагање на стручен дел за возачка дозвола мора да е жител на Општина Карпош и да е веќе жител на општината минимум 3 години до денот на поднесување на барањето.<br>2. Ќе се субвенционираат млади лица кои во 2022 година ќе наполнат 18 години.<br>3. Лицето да ги исполнува условите согласно законот за полагање возачки испит т.е. да поседува одобрено лекарско уверение.<br>4. Субвенционирањето нема да надминува 50% од износот кои се наплатува за теоретска и практична обука. |
| Потребни документи: | 1. Барање за субвенционирање за поврат на 50% од вкупниот износ за теретска и практична обука<br>2. Копија од лична карта како доказ за жителство и година на раѓање<br>3. Копија на лична карта од двајцата родители |

| | |
|---|---|
| | како доказ дека живеат минимум 3 години во Општина Карпош<br>4. Копија од фискална сметка за извршена уплата за теретска и практична обука во автошколата |
| Предвидена финансиска рамка: | **4.000.000,00 денари** |

НОВА ТОЧКА 3 КОЈА СЕ ЗАПИШУВА:

**3. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија**

По изменувањето и дополнувањето, точка 3 гласи:

**3. Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија**

## I. Развојни приоритети и цели

За прв пат во 2022 година, Општина Карпош преку Секторот за развој ќе ја спроведе мерката за поттикнување и помош на млади лица кои живеат во Општина Карпош да полагаат возачка дозвола, при тоа одреден износ за обука од теоретскиот и стручниот дел да им биде субвенциониран односно вратен.
Оваа мерка се планира да се спроведе како резултат на тоа да се поттикнат младите веднаш по завршување на средното образование, да полагаат возачка дозвола се со цел во следниот период да бидат поконкурентни на пазарот на труд и полесно да ги исполнат условите за добивање работа.
За да се спроведе оваа активност, најнапред општината ќе спроведе постапка за избор на авто школи преку јавен повик објавен во два весника и на огласна табла на веб страната на Општина Карпош,на кои авто школите ќе понудат минимална цена за обука утврдена во Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи. По избор на најповолните авто школи и потпишување на договорите, општината ќе пристапи кон распишување на Јавен повик за субвенционирање на млади лица кои во 2022 година ќе наполнат 18 години. Јавниот повик за субвенционирање на

младите лица - жители на Општина Карпош ќе трае се до исцрпување на средствата во тековната 2022 година.

## II. Проектни активности

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА АВТО ШКОЛИ

| | |
|---|---|
| Критериуми за учество на авто школата: | ➢ Документ за регистрирана дејност<br>➢ Авто школата да има лиценца за работа за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија<br>➢ Авто школите да имаат најмалку 5 (пет) возила во своја сопственост или на располагање и истите да бидат за оспособување на кандидатите за Б категорија.<br>➢ Да има најмалку 5 (пет) реномирани возачи - инструктори со лиценца за оспособување на кандидати за возачи за Б категорија, вработени во авто школата или на располагање.<br>➢ Авто школите да имаат на располагање канцеларија за прием на кандидати, како и училница за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства според Закон, но не подалеку од 3км од седиштето на Општина Карпош ул. Радика бр.9, 1000 Скопје. |
| Критериуми за избор на | ➢ За најповолни понуди ќе бидат избрани |

| | |
|---|---|
| **авто школа** | понудите на авто школите ќе понудат минимална цена за обука утврдена во Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи во авто школа за следење на обуки од теоретскиот и практичниот дел на кандидатите за возачи за Б категорија, согласно минималните пресметани елементи на вредност.<br>➢ Секоја понуда која ќе содржи цена различна од минималната цена согласно утврдените минимални пресметани елементи ќе се отфрли како неприфатлива. |
| Потребна документација | ➢ **Понудата треба да содржи**: назив и седиште на фирмата, даночен број, одговорно лице, контакт телефон, е-пошта, сметка и депонентна банка и точно назачување на понудениот износ, согласно Правилникот за минимална цена за оспособување на возачи во авто школа за следење на обуки од теоретскиот и практичниот дел на кандидатите за возачи за Б категорија, согласно утврдените минималните пресметани елементи на вредност прикажани како:<br>**теоретски дел + практичен дел = цена + ДДВ = цена на обука со ДДВ.**<br>➢ Доколку понудувачот не е ДДВ обврзник |

| | |
|---|---|
| | истиот треба да достави документ од УЈП како доказ.<br>➢ Потврда за регистрирана дејност издадена од Централен регистар за дејноста поврзана со предметот на овој јавен оглас.<br>➢ Тековна состојба издадена од Централен регистар на РСМ.<br>➢ Копија од лиценца за работа за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија.<br>➢ Да се достави копија од сообраќајна дозвола или договор за располагање со возила за оспособување на кандидатите за возачи за Б категорија во прилог со копија од сообраќајна за истите .<br>➢ Копии од лиценци за инструктори со листа од АВРСМ за вработени во авто школата или договор (се прифаќа и изјава потпишана од одговорно лице) за отстапување на инструкторите со копии од лиценци за инструктори за истите.<br>➢ Да имаат на располагање канцеларија за прием, како и училница за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства според Закон која работи не помалку од (1) година од денот на објавување на овој повик (приложување на договор за закуп или седиште/подружница внесена во тековна |

| | |
|---|---|
| | состојба).<br>➢ Канцелатијата за прием на кандидати и училницата за одржување на теоретска настава со сите нагледни средства да биде на растојание по патна инфраструктура не подалеку од 3км од седиштето на Општина Карпош ул. Радика бр.9,1000 Скопје. |
| | **Отварањето на понудуте ќе биде јавно** |

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА МЛАДИ ЛИЦА

| | |
|---|---|
| Критериуми за субвенционирање : | 5. Секое лице кое ќе поднесе барање за субвенционирање за полагање на стручен дел за возачка дозвола мора да е жител на Општина Карпош и да е веќе жител на општината минимум 3 години до денот на поднесување на барањето.<br>6. Ќе се субвенционираат млади лица кои во 2022 година ќе наполнат 18 години.<br>7. Лицето да ги исполнува условите согласно законот за полагање возачки испит т.е. да поседува одобрено лекарско уверение.<br>8. Субвенционирањето нема да надминува 50% од износот кои се наплатува за теоретска и практична обука. |
| Потребни документи: | 5. Барање за субвенционирање за поврат на 50% од вкупниот износ за теретска и практична обука<br>6. Копија од лична карта како доказ за жителство и година на раѓање<br>7. Копија на лична карта од двајцата родители како доказ дека живеат минимум 3 години во Општина Карпош |

| | |
|---|---|
| | 8. Копија од фискална сметка за извршена уплата за теоретска и практична обука во автошколата |
| Предвидена финансиска рамка: | 4.000.000,00 денари |

ОВЛАСТУВАЊЕ: Советот на Општина Карпош го овластува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе постапката во сите фази за субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување обука за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија.

Овластувањето подразбира:

- Донесување Одлука за јавен повик за избор на авто школи
- Објава на јавен повик за избор на авто школи
- Формираме на комисија за евалуација на понудите
- Записник од отварање на понуди
- Подготовка на извештај
- Одлука за избор на авто школи
- Известување за избор на авто школи
- Склучување на договори со избраните авто школи
- Донесување Одлука за јавен повик за сувбенционирање на млади лица
- Објава на јавен повик
- Решение за формирање на комисија за примени барања за субвенционирање
- Записник од евалуација
- Подготовка на решенија за исплата
- Завршен извештај
- Донесување и други акти во врска со предметната постапка

**II. Во делот Табеларен приказ на Буџетот по проекти, во точка 3 се врши изменување и дополнување, на начин што насловот 3.Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за полагање на возачка дозвола, се брише и на негово место се запишува новиот наслов на точка 3 кој гласи 3.Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија**

По изменувањето и дополнувањрто, табеларниот приказ на буџетот по проекти гласи:

| Проект | Предвидена финансиска рамка |
|---|---|
| 1. Подготовка на Стратешки План за локален развој на Општина Карпош 2022 – 2026 | нема финансиски импликации |
| 2. Крводарителска акција | нема финансиски импликации |
| 3 Субвенционирање на млади лица од Општина Карпош за посетување на обуки за теоретски и практичен дел за полагање на возачка дозвола Б категорија | 4.000.000,00 |
| 3. Обука за проектно планирање, можности и аплицирање на ЕУ проекти и други фондови со невладиниот сектор | 150.000,00 |
| 4. Членство во Европската асоцијација за локална демократија - АЛДА | 73.000,00 |
| ВКУПНО | 4.223.000,00 |

III. Вкупниот буџет за реализација на програмата на секторот за развој од 4.223.000,00денари, останува ист.

IV Оваа програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/6
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2022 година**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2022 година, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/5**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002 ), а во врска со Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.23/2021“), Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

ПРОГРАМА
**за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2022 година**

I. Во Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на Образованието за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021), во точка II. Проектни активности се врши дополнување на следниот начин:
По точка 7, се додава нова точка 8 – Проект: Формирање Општински хор-Карпош, реализатор КРЕО-АКСИС-Здружение за инклузивно образовние и развој-Скопје

II. По изменувањето и дополнување Програмата гласи:

| 8. | Проект: Формирање Општински хор-Карпош<br>Реализатор: КРЕО-АКСИС- Здружение за инклузивно образование и развој- Скопје |
|---|---|
| **Опис на активности:** | Општинскиот хор ќе се формира во две фази и тоа:<br><br>Првата фаза: Одржување на аудиции во основните и средните училишта кои се наоѓаат на територија на општина Карпош.<br><br>Втора фаза: Формирање на ансамблот, обезбедување просторија за работа и овозможување останати услови за работа,. |
| **Стратешки насоки и цели:** | Јакнење на капацитетите на децата, младинците и возрасните преку неформални работилници, обуки, |

| | |
|---|---|
| | перформанси, побликации и сл.<br>-промовирање на проактивноста и креативноста кај засегнатите групи,<br>-Развивање нови животни вештини преку креативни активности, со поттикнување на развој кај деца, младинци и возрасни.<br>-Подобрување на конгитивниот и социјално-емотивниот развој кај децата, младинците и возрасните преку инклузивно и неформално образование.<br>-Развивање креативни проекти, унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. |
| Очекувани резултати: | - Откривање на млади таленти и развивање на талентот<br>- Подигнување на социјалната и општествената активност<br>- збогатување на културно-забавниот живот. |
| Целна група: | Учениците од општинските основните училишта на територија на општина Карпош |
| | |
| Трошоци | 0,00 |

III. Нема да има финансиска импликација

IV. Ова изменување и дополнување на Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/7
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3421/6
Датум:21.04.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Републиика Македонија“ бр. 5/02), а во врска со член 62 од Законот за јавни патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21) и Одлуката за утврдување на надомест за градежно земјнаи работи при изведба на прекопи за подземни инсталации бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година, Советот на Општина Карпош на осмата седница, одржана на 20 април 2022  година, донесе

## ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации

### Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на надеомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации бр. бр.09-8033/18 од 13.12.2021 година, донесена на втората седница на Советот на Општина Карпош, на начин што во членот 1 каде е дефиниран износ на надомест во денари се додаваат зборовите „без вклучен ДДВ“.

По изменувањето и дополнувањето членот 1 гласи:

### „Член 1

Се утврдува надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации и тоа:

- За бетонска и асфалтна подлога (надолжен прекоп) – 1.000,00 ден. (по 1м') – без вклучен ДДВ
- За бетонска и асфалтна подлога (попречен прекоп) – 3.000,00 ден. (по 1м')-без вклучен ДДВ
- За подлога од павер елементи – 120,00 ден. (по 1м') – без вклучен ДДВ
- За земјена и тревна подлога – 80,00 ден. (по 1м') – без вклучен ДДВ“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/8
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.25 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.25 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/7**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

# ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.25 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.25 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/7**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и врз основа на член 63 став, 9 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20), Советот на Општина Карпош на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

## О Д Л У К А

**за донесување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.25 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош**

### Ч л е н 1

Со оваа одлука се донесува Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.25 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош со намена А1 - Домување во станбени куќи.

Планот за парцелација, како составен дел од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.25 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош со намена А1 - Домување во станбени куќи, е изготвен во целост почитувајќи ги одредбите зададени со важечкиот ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош (Одлука бр. 08-8826/6 од 03.12.2015), како и согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20 и 219/21) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива.

### Ч л е н 2

Со Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.25 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул.

Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош се врши поделба на една поголема градежна парцела на две помали градежни парцели, со почитување на параметрите зададени во Изводот, потребата на Инвеститорот и согласно член 63 став (1) и став (2) од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20).

**Член 3**

Планот за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.25 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, постапка бр. 39683 во системот е-урбанизам, со тех. бр. 90/21-У од Април 2022, поднесено од страна на Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје е со следната содржина:

1. Опис и образложение на парцелацијата
2. Графички дел – план за парцелација
3. Синтезна карта

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

Број: 09-3199/9
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за констатирана потреба од корекции поради кои Предлог-Деталниот урбанистички план Ј 02, Градска четврт Ј 02, опфат помеѓу Жданец и Нерези, локалитет А, Б и В, Општина Карпош (со плански период 2016-2021) не е усвоен од Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за констатирана потреба од корекции поради кои Предлог-Деталниот урбанистички план Ј 02, Градска четврт Ј 02, опфат помеѓу Жданец и Нерези, локалитет А, Б и В, Општина Карпош (со плански период 2016-2021) не е усвоен од Советот на Општина Карпош, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/8**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски

Врз основа на член 22, став 1, точка 1, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со Програмата за урбанистичко планирање на Општина Карпош за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021), врз однова на член 39, ставови 5, 6, 7, 8, 9 и 10 и член 123 од Законот за просторно и урбанситичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.199/14, 44/15, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и Согласноста бр.24-10277 од 12.10.2018 година, Советот на Општина Карпош на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за констатирана потреба од корекции поради кои Предлог-Деталниот урбанистички план Ј 02, Градска четврт Ј 02, опфат помеѓу Жданец и Нерези, локалитет А, Б и В, Општина Карпош (со плански период 2016-2021) не е усвоен од Советот на Општина Карпош

### Член 1
Со оваа одлука Советот на Општина Карпош констатира потреба од корекции во Предлог-Деталниот урбанистички план Ј 02, Градска четврт Ј 02, опфат помеѓу Жданец и Нерези, локалитет А, Б и В, Општина Карпош (со плански период 2016-2021) поради кои истиот не го усвојува.

### Член 2
Советот на Општина Карпош со оваа одлука ги образложува потребите за корекција поради кои Предлог-Деталниот урбанистички план Ј 02, Градска четврт Ј 02, опфат помеѓу Жданец и Нерези, локалитет А, Б и В, Општина Карпош (плански период 2016-2021) не е донесен:

- Потребно е да се дефинира нов плански период,
- Потребно е повторно разгледување и ревидирање на планското решение во однос на урбанистичките параметри зададени за дел од градежните парцели зададени како предлог планско решение во предметниот ДУП,
- Потребно е повторно разгледување и ревидирање на планското решение на дел од сообраќајната инфраструктура, дадена како предлог планско решение во предметниот ДУП и
- Потребно е спроведување на повторна Јавна анкета и јавна презентација во која ќе бидат имплементирани ревидираните плански решенија.

**Член 3**

Со овластува Градоначалникот на Општина Карпош во рок од 3 (три) работни дена од денот на одржувањето на осмата седница на Советот на Општина Карпош да ги достави Предлог-Планот и оваа одлука во електронска форма преку информацискиот систен е-урбанизам до Министерството за транспорт и врски на РСМ и да побара поништување на дадената *Согласност* бр.24-10277 од 12.10.2018 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/10
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за констатирана потреба од корекции поради кои Предлог-Деталниот урбанистички план за градска четврт Ј 04, Општина Карпош (плански период 2014-2019) не е усвоен од Советот на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за констатирана потреба од корекции поради кои Предлог-Деталниот урбанистички план за градска четврт Ј 04, Општина Карпош (плански период 2014-2019) не е усвоен од Советот на Општина Карпош, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3421/9
Датум:21.04.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 1, член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), во врска со Програмата за урбанистичко планирање на Општина Карпош за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.23/2021), врз основа на член 25 од Законот за просторно и урбанситичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 124/10, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 53/13, 163/13 и 42/14) и Согласноста бр.24-3536/2 од 18.05.2021 година, Советот на Општина Карпош на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за констатирана потреба од корекции поради кои Предлог-Деталниот урбанистички план за градска четврт Ј 04, Општина Карпош (плански период 2014-2019) не е усвоен од Советот на Општина Карпош

### Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош констатира потреба од корекции во Предлог-Деталниот урбанистички план за градска четврт Ј 04, Општина Карпош (плански период 2014-2019), поради што истиот не го усвојува.

### Член 2

Советот на Општина Карпош со оваа одлука ги образложува потребите за корекција поради кои Предлог-Деталниот урбанистички план за градска четврт Ј 04, Општина Карпош (плански период 2014-2019) не е донесен:

- Потребно е да се дефинира нов плански период,
- Потребно е повторно разгледување и ревидирање на планското решение во однос на урбанистичките параметри зададени за дел од градежните парцели зададени како предлог планско решение во предметниот ДУП,
- Потребно е повторно разгледување и ревидирање на планското решение на дел од сообраќајната инфраструктура, дадена како предлог планско решение во предметниот ДУП
- Потребно е спроведување на повторна Јавна анкета и јавна презентација во која ќе бидат имплементирани ревидираните плански решенија и

- Потребно е спроведување/неспроведување на Одлука за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

**Член 3**

Со овластува Градоначалникот на Општина Карпош во рок од 3 (три) работни дена од денот на одржувањето на осмата седница на Советот на Општина Карпош да ги достави Предлог-Планот и оваа одлука во електронска форма преку информацискиот систен е-урбанизам до Министерството за транспорт и врски на РСМ и да побара поништување на дадената Согласност бр.24-3536/2 од 18.05.2021 година.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/11
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Одлука за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КП бр. 646/26 КО Долно Водно)**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КП бр. 646/26 КО Долно Водно), донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/10**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21) член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КП бр. 646/26 КО Долно Водно)

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-3886 од 12.08.2011 година, на Гелевска Верка од Скопје, за објект на КП бр. 646/26 КО-Долно Водно, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се вклопи во идна планска документација согласно одредбите на член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанизам да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-3199/12
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КП бр. 362/1 и 362/2 КО Бардовци)**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КП бр. 362/1 и 362/2 КО Бардовци), донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/11**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21) член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16), Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација заради вклопување на бесправните објекти во идна планска документација (КП бр. 362/1 и 362/2 КО Бардовци)**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-3833 од 12.08.2011 година, на Славе Лозановски од Скопје, за објект со намена времено сместување и помошна градба на КП бр. 362/1 и 362/2 КО Бардовци, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се вклопи во идна планска документација согласно одредбите на член 10, став 4 од Законот за постапување на бесправно изградени објекти („Службен весник на Републилка Македонија“ бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17) и член 2, став 2, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16),

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Се задолжува Секторот за урбанизам да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-3199/13
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Службена белешка за констатација дека членовите на Советот добија Информација и се запознаени со Иницијативата за евентуално започнување соработка врз основа на Предлог-Проектот „Крематориум за миленици“ доставена од Ненад Димитријевиќ жител на Општина Карпош**

1. Се објавува Службена белешка за констатација дека членовите на Советот добија Информација и се запознаени со Иницијативата за евентуално започнување соработка врз основа на Предлог-Проектот „Крематориум за миленици“ доставена од Ненад Димитријевиќ жител на Општина Карпош, на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/12**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, точка 4 и точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со усвоената 12та предлог-точка на Дневниот ред за работа на осмата седница на Советот на Општина Карпош-Предлог-Иницијатива за започнување соработка врз основа на Предлог-Проектот „Крематориум за миленици“ доставена од Ненад Димитријевиќ жител на Општина Карпош, Претседателот на Советот на Општина Карпош, донесе

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА
**за констатација дека членовите на Советот се запознаени со Иницијативата за евентуално започнување соработка врз основа на Предлог-Проектот „Крематориум за миленици“ доставена од Ненад Димитријевиќ жител на Општина Карпош**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека по предложената 12та точка од усвоениот Дневен ред за работа на осмата седница на Советот на Општина Карпош-Предлог-Иницијатива за започнување соработка врз основа на Предлог-Проектот „Крематориум за миленици“ доставена од Ненад Димитријевиќ жител на Општина Карпош, членовите на Советот добија информации во врска со предметниот проект и се запознаени со истиот.

По информацијата не се гласаше.

2. Оваа белешка влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/14
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на градинките на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на градинките на Општина Карпош, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 11-3421/13
Датум:21.04.2022 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 60 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21) и Одлуката за утврдување реони на градинките на Општина Карпош бр.09-2810/4 од 10.04.2019 година, Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

ОДЛУКА
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на градинките на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката на начин што во член 13 по став 1 се додава нов став кој гласи:

„Во постапката за упис на дете во градинка, родителот-старателот е должен покрај останатата документација, да достави и еден од следните документи:

- документ за идентификација постар од 18 месеци од денот на издавањето на личниот документ на родителот/старателот до денот на запишувањето на детето, со адреса на живеење во Општина Карпош, од реонот на градинката, или

- доколку документот за идентификација е понов од 18 месеци од денот на издавањето на личниот документ - до денот на запишувањето на детето во градинка со адреса на живеење во Општина Карпош, од реонот на градинката, родителот/старателот треба да достави доказ за сопственост – Имотен лист за недвижноста или писмен доказ (уплатница) за стекнување со право на сопственот – недвижен имот (стан-куќа) - дека постапката за купување недвижен имот е во тек, или

- Доколку родителот/старателот нема недвижен имот во лична сопственост, со адреса на живеење во Општина Карпош од реонот каде припаѓа градинката, а живее во реонот, во

закупена недвижност, потребно е да достави Договор за закуп, во форма на исправа врз основа на која е регулирана даночната обврска за плаќање данок, односно доказ дека Договорот за закуп е уредно пријавен во Министерство за финансии-Управа за јавни приходи и задолжително да поседува личен документ за идентификација со пребивалиште (односно адреса за привремен престој) од реонот на градинката во Општина Карпош во која поднесува документи за упис.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/15
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 60 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), Одлуката за утврдување реони на градинките на Општина Карпош бр.09-2810/4 од 10.04.2019 година и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување реони на градинките на Општина Карпош бр.09-3199/15 од 20.04.2022 година, Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
### за утврдување на реони на градинките на Општина Карпош
### -ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ-

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат реоните на градинките во кои се запишуваат деца од целата територија на Општина Карпош.

**Член 2**

Со усвојувањето на оваа одлука се реален прилив на децата во градинките и рационал- но искористување на училишните капацитети во Општина Карпош.

**Член 3**

Реонот на ЈУОДГ „ВИНОЖИТО“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на населените места М.З.Бардовци , М.З.Злокуќани и Момин Поток.

**Член 4**

Реонот на ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Тафталиџе 2“, што се простира на исток до улица „Московска“, на север до булевар „Партизански одреди“, на запад до реката Вардар и на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“ и населените места Горно и Средно Нерези.

**Член 5**

Реонот на ЈУОДГ „ОРЦЕ НИКОЛОВ“–КЛОН КАРПОШ 2, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Карпош 2, што се простира на исток до улица „Никола Тесла“, на север до булевар „8ми Септември“ (од улица Скупи до булевар „Никола Карев“), на југ до булевар „Партизански одреди“ и на запад до булевар „8ми Септември“.

**Член 6**

Реонот на ЈУОДГ „ПРОЛЕТ, КЛОН „БУМБАРЧЕ“, КЛОН ,,КАНЕЛА“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаните заедници „Кузман Јосифовски Питу“ и „Пецо Божиновски Кочо“,

што се простира на исток до улица „Васил Ѓоргов“, на север до булевар „Војвода Васил Чакаларов“ и урбаните задници Трнодол и Жданец и на запад до улица „Козле 1“(пат за Пантелејмон).

**Член 7**

Реонот на ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“-КЛОН ТАФТАЛИЦЕ, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Владо Тасевски“, што се простира на исток до улица „Френклин Рузвелт“, на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“, на север до булевар „Партизански одреди“ и на запад до булевар „8ми Септември“.

**Член 8**

Реонот на ЈУОДГ „ПРОЛЕТ“-КЛОН СОНЧОГЛЕДИ, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Влае 1“ и територијата на урбаната заедница „Влае 2“, што се простира на исток до реката „Вардар“, на север до реката „Лепенец“, на запад до булевар „Ѓорче Петров“ и на југ до булевар „Војвода Васил Чакаларов“.

**Член 9**

Реонот на ЈУОДГ „МАЈСКИ ЦВЕТ“-КЛОН ТАФТАЛИЦЕ, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Тафталице 1„ што се простира на исток до булевар „8ми Септември“, на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“, на север до булевар „Партизански одреди“ и на запад до улица „Московска“.

**Член 10**

Реонот на ЈУОДГ „ОРЦЕ НИКОЛОВ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 3“, што се простира на исток до булевар „8ми Септември“, на север до реката „Вардар“, на југ до булевар „Партизански одреди“ и на запад до улица „Љубљанска“.

**Член 11**

Реонот на ЈУОДГ „ОРЦЕ НИКОЛОВ“-КЛОН КАРПОШ 4, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 4“, што се простира на исток до улица „Љубљанска“, на север до булевар „Илинден“, на запад до реката „Вардар“ и на југ до булевар „Партизански одреди“.

**Член 12**

Реонот на ЈУОДГ „РАСПЕАНА МЛАДОСТ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 1“, што се простира на исток до улица „Френклин Рузвелт“, на југ до булевар „Партизански одреди“, на запад до улица „Никола Тесла“ и на север до Градски парк.

**Член 13**

Детската градинка запишува и прима деца врз основи на пријави преку целата година.
Во постапката за упис на дете во градинка, родителот-старателот е должен покрај останатата документација, да достави и еден од следните документи:

- документ за идентификација постар од 18 месеци од денот на издавањето на личниот документ на родителот/старателот до денот на запишувањето на детето, со адреса на живеење во Општина Карпош, од реонот на градинката, или

- доколку документот за идентификација е понов од 18 месеци од денот на издавањето на личниот документ - до денот на запишувањето на детето во градинка со адреса на живеење во Општина Карпош, од реонот на градинката, родителот/старателот треба да достави доказ за сопственост – Имотен лист за недвижноста или писмен доказ (уплатница) за стекнување со право на сопственот – недвижен имот (стан-куќа) - дека постапката за купување недвижен имот е во тек, или

- Доколку родителот/старателот нема недвижен имот во лична сопственост, со адреса на живеење во Општина Карпош од реонот каде припаѓа градинката, а живее во реонот, во закупена недвижност, потребно е да достави Договор за закуп, во форма на исправа врз основа на која е регулирана даночната обврска за плаќање данок, односно доказ дека Договорот за закуп е уредно пријавен во Министерство за финансии-Управа за јавни приходи и задолжително да поседува личен документ за идентификација со пребивалиште (односно адреса за привремен престој) од реонот на градинката во Општина Карпош во која поднесува документи за упис.

**Член 14**

Ако во јавната детска градинка има пријавено поголем број деца отколку што има слободни места, за приемот решава комисија за прием на деца.

**Член 15**

Комисијата ја именува директорот.

**Член 16**

Составот и начинот на работата на комисијата, како и поблиските критериуми за прием на деца во градинката ги утврдува управниот одбор на градинката во согласност со советот на општината и советот на општината во Градот Скопје.

**Член 17**

По жалба против решението на комисијата решава градоначалникот на општината и општината во градот Скопје.

**Член 18**

Детскта градинка може да запише деца од друг реон или друга општина, доколку има слободни места.

**Член 19**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/15
Датум: 20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/14**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 63, став 5 од Законот за основото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/19 и бр.229/20), Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош Советот на Општина Карпош бр.09-2813/3 од 10.04.2019 година, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош

### Член 1

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош, бр.09-2813/3 од 10.04.2019 година на следниот начин:

Во основот на Одлуката, се брише текстот „а во врска со член 46, став 5 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) и на негово место се запишува текстот:

**„а во врска со член 63, став 5 од Законот за основото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/19 и бр.229/20)“**

### Член 2

Во член 13, по ставот 1 се додава став 2 кој гласи:
„Во постапката за упис на ученик, родителот-старателот е должен покрај останатата документација, да достави и еден од следните документи:

- документ за идентификација постар од 18 месеци од денот на издавањето на личниот документ на родителот/старателот до денот на запишувањето на ученикот со адреса на живеење во Општина Карпош, од реонот на училиштето или

- доколку документот за идентификација е понов од 18 месеци од денот на издавањето на личниот документ - до денот на запишувањето на ученикот со адреса на живеење во

Општина Карпош, од реонот на училиштето, родителот/старателот треба да достави доказ за сопственост – Имотен лист за недвижноста или писмен доказ (уплатница) за стекнување со право на сопственот – недвижен имот (стан-куќа) - дека постапката за купување недвижен имот е во тек, или

- Доколку родителот/старателот нема недвижен имот во лична сопственост, со адреса на живеење во Општина Карпош од реонот каде припаѓа училиштето, а живее во реонот, во закупена недвижност, потребно е да достави Договор за закуп, во форма на исправа врз основа на која е регулирана даночната обврска за плаќање данок, односно доказ дека Договорот за закуп е уредно пријавен во Министерство за финансии-Управа за јавни приходи и задолжително да поседува личен документ за идентификација со пребивалиште (односно адреса за привремен престој) од реонот на училиштето во Општина Карпош во кое поднесува документи за упис на ученик.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

Број: 09-3199/16
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 63, став 5 од Законот за основото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/19 и бр.229/20) и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош бр.09-3199/15 од 20.04.2022 година, Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош
## -ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ-

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдуваат реоните на основните училишта во кои се опфаќаат учениците од целата територија на Општина Карпош.

**Член 2**

Со усвојувањето на оваа одлука се обезбедува реален прилив на учениците во основните училишта и рационално искористување на училишните капацитети во Општина Карпош.

**Член 3**

Реонот на општинското основно училиште „АВРАМ ПИСЕВСКИ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на населените места М.З.Бардовци , М.З.Злокуќани и Момин Поток.

**Член 4**

Реонот на општинското основно училиште „БРАТСТВО“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Тафталиџе 2“, што се простира на исток до улица „Московска“, на север до булевар „Партизански одреди“, на запад до реката Вардар и на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“ и населените места Горно и Средно Нерези.

Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „БРАТСТВО“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 5**

Реонот на општинското основно училиште „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница Карпош 2, што се простира на исток до улица „Никола

Тесла“, на север до булевар „8ми Септември“ (од улица Скупи до булевар „Никола Карев“), на југ до булевар „Партизански одреди“ и на запад до булевар „8ми Септември“.
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 6**

Реонот на општинското основно училиште „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаните заедници „Кузман Јосифовски Питу“ и „Пецо Божиновски Кочо“, што се простира на исток до улица „Васил Ѓоргов“, на север до булевар „Војвода Васил Чакаларов“ и урбаните задници Трнодол и Жданец и на запад до улица „Козле 1“(пат за Пантелејмон).
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 7**

Реонот на општинското основно училиште „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Владо Тасевски“, што се простира на исток до улица „Франклин Рузвелт“, на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“, на север до булевар „Партизански одреди“ и на запад до булевар „8ми Септември“.
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 8**

Реонот на општинското основно училиште „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Влае 1“ и територијата на урбаната заедница „Влае 2“, што се простира на исток до реката „Вардар“, на север до реката „Лепенец“, на запад до булевар „Ѓорче Петров“ и на југ до булевар „Војвода Васил Чакаларов“.
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 9**

Реонот на општинското основно училиште „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Тафталице 1„ што се простира на исток до булевар „8ми Септември“, на југ до булевар „Митрополит Теодосиј Гологанов“, на север до булевар „Партизански одреди“ и на запад до улица „Московска“.

Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ЈАН АМОС КОМЕНСКИ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 10**

Реонот на општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 3“, што се простира на исток до булевар „8ми Септември“, на север до реката „Вардар“, на југ до булевар „Партизански одреди“ и на запад до улица „Љубљанска“.
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ЛАЗО ТРПОВСКИ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 11**

Реонот на општинското основно училиште „ПЕТАР ПОП АРСОВ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 4“, што се простира на исток до улица „Љубљанска“, на север до булевар „Илинден“, на запад до реката „Вардар“ и на југ до булевар „Партизански одреди“.
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ПЕТАР ПОП АРСОВ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 12**

Реонот на општинското основно училиште „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“, Општина Карпош-Скопје ја опфаќа територијата на урбаната заедница „Карпош 1“, што се простира на исток до улица „Френклин Рузвелт“, на југ до булевар „Партизански одреди“, на запад до улица „Никола Тесла“ и на север до Градски парк.
Учениците од I (прво) до IX (девето) одделение од овој реон се запишуваат во општинското основно училиште „ХРИСТИЈАН ТОДОРОВСКИ КАРПОШ“, Општина Карпош-Скопје.

**Член 13**

Општинското основно училиште е должно да ги опфати учениците од својот реон.
Во постапката за упис на ученик, родителот-старателот е должен покрај останатата документација, да достави и еден од следните документи:

- документ за идентификација постар од 18 месеци од денот на издавањето на личниот документ на родителот/старателот до денот на запишувањето на ученикот со адреса на живеење во Општина Карпош, од реонот на училиштето или

- доколку документот за идентификација е понов од 18 месеци од денот на издавањето на личниот документ - до денот на запишувањето на ученикот со адреса на живеење во Општина Карпош, од реонот на училиштето, родителот/старателот треба да достави доказ за сопственост – Имотен лист за објектот или писмен доказ (уплатница) за стекнување со право на сопственот – недвижен имот (стан-куќа) - дека постапката за купување недвижен имот е во тек, или
- Доколку родителот/старателот нема недвижен имот во лична сопственост, со адреса на живеење во Општина Карпош од реонот каде припаѓа училиштето, а живее во реонот, во закупена недвижност, потребно е да достави Договор за закуп, во форма на исправа врз основа на која е регулирана даночната обврска за плаќање данок, односно доказ дека Договорот за закуп е уредно пријавен во Министерство за финансии-Управа за јавни приходи и задолжително да поседува личен документ за идентификација од пребивалиште (односно адреса за привремен престој) од реонот на училиштето во Општина Карпош во кое поднесува документи за упис на ученик.

**Член 14**

(1) Општинското основно училиште може да запише ученици од друг реон или друга општина, доколку има слободни места за запишување.

(2) За запишаните ученици од став (1) трошоците за превоз паѓаат на терет на родителот/старателот.

**Член 15**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/16
Датум: 20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за прифаќање меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје во рамките на меѓуопштинската соработка помеѓу градот Скопје и општините во Градот Скопје (Ѓорче Петров, Карпош, Центар Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Шуто Оризари) за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини**

1. Се објавува Одлуката за прифаќање меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје во рамките на меѓуопштинската соработка помеѓу градот Скопје и општините во Градот Скопје (Ѓорче Петров, Карпош, Центар Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Шуто Оризари) за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/15**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1; член 36, став 1, точка 1 и член 62, а во врска со член 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број во 5/02) и член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија” број 79/09), а во врска со Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Град Скопје и општините во градот Скопје (Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Сарај, Шуто Оризари) за реконсртукција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини бр.27-2013/1 од 24.02.2022 година донесена од Советот на Град Скопје, Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

## ОДЛУКА

**за прифаќање меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје во рамките на меѓуопштинската соработка помеѓу градот Скопје и општините во Градот Скопје (Ѓорче Петров, Карпош, Центар Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Шуто Оризари) за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош ја прифаќа меѓуопштинската соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје во рамките на меѓуопштинската соработка помеѓу градот Скопје и општините во градот Скопје ( Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Сарај, Шуто Оризари) за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини и се уредува начинот, условите, финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини во надлежност на општините во градот Скопје.

**Член 2**

Градот Скопје во остварувањето на соработката ќе учествува во реконструкција и хортикултурно уредување на постоечките зелени парковски површини и садење на нови садници и цвеќе со финансиски средства обезбедени од Буџетот на Град Скопје – подпрограма ЈМО 482930 во период 2022- 2023 година, во износ од 10.000.000,00 денари за Општина Карпош.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи договор со Градоначалникот на Град Скопје во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

Градот Скопје ќе ја спроведе ова активност преку ЈП Паркови и зеленило – Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број: 09-3199/17
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за членство во Локално собрание на млади на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за распишување Јавен повик за членство во Локално собрание на млади на Општина Карпош, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/16**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 13 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02, а во врска со член 38-в од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за распишување Јавен повик за членство во Локално собрание на млади на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Карпош дава согласност за распишување Јавен повик за членство во Локално собрание на млади на Општина Карпош.

**Член 2**

Се овластува службеникот за млади на Општина Карпош да го објави јавниот повик за членство во Локалното собрание на млади на Општина Карпош и да ја спроведе постапката.

**Член 3**

Јавниот повик се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош, и во печатен дневен медиум со кој општината има соработка.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3199/18**
**Датум:20.04.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прописи**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прописи, донесено на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/17**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 32, член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002); член 39, став 3, член 40, член 41 од Статутот на Општина Карпош(„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021); член 134, во врска со член 132 од Деловникот за работа на Советот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.3/2006) и врз основа на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прописи бр.09-7329/14 од 12.11.2021 година, Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прописи

1. Со ова решение се врши изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прописи бр.09-7329/14 од 12.11.2021 година, на начин што во точка 2, став 2 се брише името Невена Георгиевска, а на нејзино место се запишува името:

- Зоран Краљевски

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3199/19**
**Датум:20.04.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“ Општина Карпош-Скопје, донесено на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/18**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и 229/20), а во врска со Барањето бр.09-3134/1 од 12.04.2022 година, Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се разрешува членот од Училишниот одбор на ООУ „Аврам Писевски“-Скопје, претставник од наставничкиот совет, на лично барање:

- Елена Мазни

2. За член на училишниот одбор на ООУ „Аврам Писевски“ предложена од Наставничкиот совет, се именува/верификува:

- Маја Христова

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3199/20**
**Датум:20.04.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК

**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош-Скопје, донесено на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/19**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и 229/20), а во врска со Барањето бр.09-3015/1 од 07.04.2022 година и Барањето со бр.09-3189/1 од 13.04.2022 год, Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се разрешуваат претставниците предложени и именувани/верификувани од Советот на родители, од општинското основно училиште „Братство“-Скопје, на лично барање:

- Сузана Тодоровиќ
- Игбале Ферати

2. За членови на училишниот одбор на ООУ „Братство“ предложени од Советот на родители, се именуваат/верификуваат:

- Златица Велевска
- Мухамед Рушити

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3199/21**
**Датум:20.04.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Решение за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Решението за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“ Општина Карпош-Скопје, донесено на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/20**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. 5/2002), член 106, став 2 и член 176 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 и 229/20), а во врска со Барањето бр.09-2470/1 од 26.03.2022 година, Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

РЕШЕНИЕ

**за изменување и дополнување на Решението за именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“ Општина Карпош-Скопје**

1. Се разрешува претставникот предложен и именуван/верификуван од основачот Општина Карпош, од член на Училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“-Скопје, поради истек на мандатот:

- Валентина Караџовска

2. За член на училишниот одбор на ООУ „ Лазо Трповски “ предложен од основачот на училиштето - Општина Карпош, се именува/верификува:

- Владимир Вапски

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3199/22**
**Датум:20.04.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Службена белешка за не усвојување на Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Антовски Мирослав**

1. Се објавува Службена белешка за не усвојување на Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Антовски Мирослав, која беше разгледувана и гласана од Советот на Општина Карпош на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/21**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, точка 4 и точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со усвоената 21ва предлог-точка на Дневниот ред за работа на осмата седница на Советот на Општина Карпош-Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Антовски Мирослав, Претседателот на Советот на Општина Карпош, донесе

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување на Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Антовски Мирослав**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената 21ва точка од усвоениот Дневен ред за работа на осмата седница на Советот на Општина Карпош-Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Антовски Мирослав, НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 7 членови на Советот, ПРОТИВ гласале 10 членови на Советот, 3 членови на Советот биле ВОЗДРЖАНИ, еден член на Советот бил отсутен, врз основа на што не е усвоена Предлог-Одлуката за одобрување финансиска поддршка на Антовски Мирослав.

2. Оваа белешка влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3199/23**
**Датум:20.04.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, ср.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Службена белешка за не усвојување на Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за нови уметности, технологии и екологија 3.14 Брокули**

1. Се објавува Службена белешка за не усвојување на Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за нови уметности, технологии и екологија 3.14 Брокули, која беше разгледувана и гласана од Советот на Општина Карпош на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/22**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, точка 4 и точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со усвоената 22ра предлог-точка на Дневниот ред за работа на осмата седница на Советот на Општина Карпош-Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за нови уметности, технологии и екологија 3.14 Брокули, Претседателот на Советот на Општина Карпош, донесе

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА
**за не усвојување на Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за нови уметности, технологии и екологија 3.14 Брокули**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената 22ра точка од усвоениот Дневен ред за работа на осмата седница на Советот на Општина Карпош-Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за нови уметности, технологии и екологија 3.14 Брокули, НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 8 членови на Советот, ПРОТИВ гласале 9 членови на Советот, 3 членови на Советот биле ВОЗДРЖАНИ, еден член на Советот бил отсутен, врз основа на што не е усвоена Предлог-Одлуката за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за нови уметности, технологии и екологија 3.14 Брокули.

2. Оваа белешка влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3199/24**
**Датум:20.04.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување Службена белешка за не усвојување на Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Ленче Милошевска**

1. Се објавува Службена белешка за не усвојување на Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Ленче Милошевска, која беше разгледувана и гласана од Советот на Општина Карпош на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/23**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3, точка 4 и точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со усвоената 23таа предлог-точка на Дневниот ред за работа на осмата седница на Советот на Општина Карпош-Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Ленче Милошевска, Претседателот на Советот на Општина Карпош, донесе

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

**за не усвојување на Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Ленче Милошевска**

1. Со оваа Службена белешка се констатира дека предложената 23та точка од усвоениот Дневен ред за работа на осмата седница на Советот на Општина Карпош-Предлог-Одлука за одобрување финансиска поддршка на Ленче Милошевска, НЕ Е УСВОЕНА.

По извршеното гласање беше констатирано дека ЗА гласале 9 членови на Советот, ПРОТИВ гласале 10 членови на Советот, 1 член на Советот бил ВОЗДРЖАН, еден член на Советот бил отсутен, врз основа на што не е усвоена Предлог-Одлуката за одобрување финансиска поддршка на Ленче Милошевска.

2. Оваа белешка влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-3199/25**
**Датум:20.04.2022 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Одлука за**
**одобрување финансиска поддршка на АКУД Мирче Ацев**

1. Се објавува Одлуката за одобрување финансиска поддршка на АКУД Мирче Ацев, донесена на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/24**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 5; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со точка 3.Финансиска поддршка на проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр. 23/2021, 3/2022) и Одлуката за давање согласност за објавување на оглас за доделување на финансиска поддршка за проекти од културата за физички и правни лица од подрачјето на Општина Карпош бр.09-439/21 од 31.01.2022 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 3/2022), Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

## О Д Л У К А
**одобрување финансиска поддршка на АКУД Мирче Ацев**

**Член 1**

Со оваа одлука се усвојува Барањето бр.55-2381/1 од 23.03.2022 година, доставено од АКУД Мирче Ацев со која се одобруваат финансиски средства како поддршка на проекти од културата, врз основа на точка 3. Финансиска поддршка на проекти од културата од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.23/2021, 3/2022).

**Член 2**

За реализација на барањето од член 1 на оваа одлука се одобруваат средства во износ од 50.000,00 денари.

**Член 3**

Средствата од член 2 на оваа одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2022 година од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2022 година.

**Член 4**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука и да потпише Договор за одобрување на финансиски средства со АКУД Мирче Ацев.

**Член 5**

Се задолжува барателот АКУД Мирче Ацев до Советот на Општина Карпош и до Одделението за култура и спорт да достави детален финансиски извештај за потрошените средства, кои во прилог ќе ги содржат следните документи: фактури или фискални сметки, согласно приложениот финансиски план на проектот при аплицирањето по огласот.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/26
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## ЗАКЛУЧОК
**за објавување Решение за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-детска градинка „Мара Буба Мара Скопје“–Скопје**

1. Се објавува Решението за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-детска градинка „Мара Буба Мара Скопје“–Скопје, донесено на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/25**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 148, член 190, член 191, член 192, член 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06, член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), Барањето за давање согласност бр.09-3150/1 од 12.04.2022 година, Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Мара Буба Мара Скопје“ Скопје-Пречистен текст бр.0302/013 од 24.03.2022 година и Решението за преобразба и вршење на дејноста бр.11-2383/4 од 07.04.2022 година, донесено од Министерот за труд и социјална политика, Советот на Општина Карпош на осмата седница, одржана на 20.04.2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
### за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-детска градинка „Мара Буба Мара Скопје“–Скопје

1. Се дава согласност на Статутот на приватната установа за деца- детска градинка „Мара Буба Мара Скопје“ Скопје-Пречистен текст бр.0302/013 од 24.03.2022 година, донесен од основачот ПЧЕЛИЧКА ДОО Скопје, со седиште на улица Атинска бр.1А/1-1, Општина Карпош, Скопје, а врз основа на Барање доставено од директорот Сузана Буцевска-Јовчевска бр09-3150/1 од 12.04.2022 година и Решението за преобразба и вршење на дејноста бр.11-2383/4 од 07.04.2022 година, донесено од Министерот за труд и социјална политика.

2. Решението да се достави до основачот ПЧЕЛИЧКА ДОО Скопје и до директорот на установата Сузана Буцевска-Јовчевска.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-3199/27**
**Датум:20.04.2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Бранко Ристов, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за објавување Решение за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-детска градинка „Светот на Колорес“ –Скопје**

1. Се објавува Решение за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-детска градинка „Светот на Колорес“ –Скопје, донесено на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/26**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Стевчо Јакимовски, с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), член 148, член 190, член 191, член 192, член 193 од Деловникот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.03/06, член 19, став 7 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21) и Барањето за давање согласност бр.09-3187/1 од 13.04.2022 година, Статутот на приватната установа за деца-детска градинка „Светот на Колорес“ Скопје-Пречистен текст бр.01/4 од 13.04.2022 година со арх.бр.на Општина Карпош 09-3187/2 од 14.04.2022 година и Решението за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и започнување со работа на објект бр.11-2494/4 од 07.04.2022 година, донесено од Министерот за труд и социјална политика, Советот на Општина Карпош на осмата седница, одржана на 20 април 2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## **за давање согласност на Статутот на Приватната установа за деца-детска градинка „Светот на Колорес“ –Скопје**

1. Се дава согласност на Статутот на приватната установа за деца- детска градинка „Светот на Колорес“ Скопје-Пречистен текст бр.02/01 од 13.04.2022 година, со седиште на улица Каирска бр.1000, донесен од основачот Билјана Караманолевска Скопје, со живеалиште на улица Јуриј Гарин бр.46а, Општина Карпош, Скопје, а врз основа на Решение за вршење на дејноста згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и започнување со работа на објект бр.11-2494/4 од 07.04.2022 година, донесено од Министерот за труд и социјална политика.

2. Решението да се достави до основачот основачот Билјана Караманолевска Скопје, со живеалиште на улица Јуриј Гарин бр.46а, Општина Карпош, Скопје.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/28
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.1/2006, 8/2013, 15/2014, 9/2019, 7/2020 и 4/2021), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

ЗАКЛУЧОК

**за објавување Решение за именување и верификација на член од Општина Карпош во Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во градот Скопје**

1. Се објавува Решението за именување и верификација на член од Општина Карпош во Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во градот Скопје, донесено на осмата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 20 април 2022 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-3421/27**
**Датум:21.04.2022 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 4; член 36, став 1, точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија бр. („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), а во врска со член 372, в.в. со член 370 и член 373 од Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија“ бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 302/20 и 122/21) и Одлуката донесена од Советот на Град Скопје бр.07-10509/2 од 22.12.2015 година, Советот на Општина Карпош, на осмата седница, одржана на 20.04.2022 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за именување и верификација на член од Општина Карпош во Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во градот Скопје**

1. Со ова решение, Советот на Општина Карпош, за член во Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата во градот Скопје го именува и верификува ДЕЈАН ЈОНУЗОВСКИ, магистер по туризмолошки науки, степен – VII-2 вработен во администрацијата на Општина Карпош, на работно место Советник за развој на занаетчиство и туризам, во Одделението за занаетчиство, угостителство и туризам во Секторот за развој на општината.

2. Се задолжува Одделението за поддршка и организација на работата на Советот во Општина Карпош да го достави Решението до Град Скопје – Сектор за сообраќај.

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број: 09-3199/29
Датум:20.04.2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Бранко Ристов, с.р.

## С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2022 година до 31.03.2022 година
2. Одлука за измена на распоредот на средства на Буџетот на Општина Карпош за 2022 година
3. Програма за енергетска ефикасност на Општина Карпош 2022-2024, со тригодишен акциски план,
4. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на развојот за 2022 година
5. Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на образованието за 2022 година
6. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надомест за градежно земјани работи при изведба на прекопи за подземни инсталации
7. Одлука за донесување Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.25 од ДУП за Градска четврт З 03, опфат помеѓу бул. Партизански Одреди, корито на р. Вардар, бул. Македонија и ул. Московска, во КО Карпош - Општина Карпош, постапка бр. 39683 во системот е-урбанизам, со тех. бр. 90/21-У од Април 2022, поднесено од страна на Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
8. Одлука за констатирана потреба од корекции поради кои Предлог-Деталниот урбанистички план Ј 02, Градска четврт Ј 02, опфат помеѓу Жданец и Нерези, локалитет А, Б и В, Општина Карпош (со плански период 2016-2021) не е усвоен од Советот на Општина Карпош
9. Одлука за констатирана потреба од корекции поради кои Предлог-Деталниот урбанистички план за градска четврт Ј 04, Општина Карпош (плански период 2014-2019) не е усвоен од Советот на Општина Карпош
10. Одлука за утврдување правен статус на бесправен објект на КП бр.646/26, КО Долно Водно
11. Одлука за утврдување правен статус на бесправен објект на КП бр.362/1 и КП бр.362/2, КО Бардовци
12. Иницијатива за започнување соработка врз основа на Предлог-Проектот „Крематориум за миленици“, доставена од Ненад Димитријевиќ жител на Општина Карпош и сопственик на проектот
13. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на градинките на Општина Карпош
14. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на реони на основните училишта на Општина Карпош

15. Одлука за прифаќање меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје во рамките на меѓуопштинската соработка помеѓу градот Скопје и општините во Градот Скопје (Ѓорче Петров, Карпош, Центар Аеродром, Кисела Вода, Гази Баба, Бутел, Чаир, Шуто Оризари) за реконструкција и хортикултурно уредување на јавни зелени површини
16. Одлука за давање согласност за распишување Јавен повик за членство во Локалното собрание на млади на Општина Карпош
17. Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претседател и членови на Комисијата за прописи
18. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Аврам Писевски“, Општина Карпош-Скопје
19. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Братство“, Општина Карпош-Скопје
20. Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување членови во училишниот одбор на општинското основно училиште „Лазо Трповски“, Општина Карпош-Скопје
21. Одлука за одобрување финансиска поддршка на Антовски Мирослав
22. Одлука за одобрување финансиска поддршка на Здружение на граѓани за нови уметности, технологија и екологија 3.14 БРОКУЛИ
23. Одлука за одобрување финансиска поддршка на Ленче Милошевска
24. Одлука за одобрување финансиска поддршка на АКУД Мирче Ацев
25. Решение за давање согласност на Статутот на приватна установа за деца-детска градинка „Мара Бубамара Скопје“ во Скопје
26. Решение за давање согласност на Статутот на приватна установа за деца-детска градинка „Светот на Колорес“ во Скопје
27. Решение за именување и верификација на член од Општина Карпош во Советот за безбедност во сообраќајот на патиштата во градот Скопје
28. Советнички прашања

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци